РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 17.07.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 4778/1 | 3 | |

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-5971/6
17.07.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: Собранието на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за обезбедување на квалитет во високото образование и науката, што го утврди на седницата, одржана на 17 јули 2026 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и Дритон Сулејмани, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука, Борчо Алексов, државен советник во Министерството за образование и наука и Милка Масникоса, раководител на сектор во Министерството за образование и наука.

**Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Digitally signed by Ljupcho Dimovski
Date: 2026.07.17 14:03:48 +02:00

Подготвил: Христијан Николов, 17.07.2026
Проверил: Катерина Јаневска, 17.07.2026
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 17.07.2026
Согласен: Зоран Брњарчевски, 17.07.2026

Одобрил: м-р Хасим Муртезани,
Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Hasim Murtezani
Date: 2026.07.17 13:49:06 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 17.07.2026 13:28 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=c0ab7523-34be-4025-b785-b7ee143720d6&materialId=2b38bbb2-8bc9-4596-bc90-b67d06c263cd** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Предлагач: Влада на Република Северна Македонија

Претставници: проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и

Дритон Сулејмани, заменик на министерот за образование и наука

Повереници: Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука,

Борчо Алексов, државен советник во Министерството за образование и наука и

Милка Масникоса, раководител на сектор во Министерството за образование и наука

Предлог на закон
за обезбедување на квалитет во високото образование и науката

Скопје, јули 2026 година

## ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во законите за високото образование од 2000, 2008 и 2018 година и нивните измени и дополнувања, како и во Законот за научно-истражувачката дејност, обезбедувањето на квалитетот во високото образование и истражувањата, беше нивен составен дел. Со основањето на Агенцијата за квалитет во високото образование, во 2019 и потребата за нејзино зачленување во релевантните европски тела (EQAR и ENQA), како и исполнувањето на критериумите за таа намена, се укажува потреба за посредено и соодветно уредување на оваа област од високото образование и науката.

Концептот за квалитет не е нов и тој отсекогаш бил дел од академската традиција.

Обезбедувањето квалитет на високото образование, од страна на надлежните државни органи, заедничките тела на високообразовните установи или самите високообразовни установи не се нималку нови практики и барања. Во последните децении, осигурувањето на квалитетот стана глобална загриженост во поглед на квалитетот и стандардите, се појави меѓународен пазар за услугите за осигурување за квалитет, основани се национални и регионални агенции за квалитет, вложени се напори за развој на посистематски и сеопфатни пристапи за обезбедување квалитет, а предложени се и различни нови пристапи и рамки за квалитетот на високото образование.

Како неизбежна меѓународна тенденција, различни земји ширум светот усвоија или развија формални системи за осигурување на квалитетот, чија цел е регулирање и подобрување на квалитетот на нивното високо образование, како одговор на конкурентноста за привлекување студенти и одговорноста за исходите и отчетноста за искористените ресурси и кон корисниците на нивните услуги и кон целата јавност. Повеќе од кога било, високообразовните установи во многу земји низ регионите беа повикани да ја гарантираат и покажат својата вредност.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Обезбедувањето квалитет на високообразовните програми и установи е еден од темелите на Болоњскиот процес од неговото создавање. Обезбедувањето квалитет има првенствена мисија за градење меѓусебна доверба меѓу високообразовните установи и другите засегнати страни ширум Европа, но и во светски рамки. Заедно со другите структурни елементи, како што се Европската рамка на квалификации и Европскиот систем за пренос на кредити, обезбедувањето квалитет ја сочинува основата за непречена мобилност на студентите и дипломираните студенти ширум Европскиот простор на високо образование. Посебниот европски пристап за обезбедување квалитет е наведен во клучниот документ, „Стандардите и упатствата за обезбедување на квалитет во Европскиот простор за високо образование“ (ESG). Првото издание на ESG беше првобитно претставено и одобрено на Министерската конференција во Берген во 2005 година. Обновеното издание на Стандардот беше објавена и одобрена десет години подоцна на Министерската конференција во Ереван, 2015 година. Во наредниот период на Министерската конференција во Јаши-Кишинев се очекува усвојување на ESG 2027.

Овој документ го одразува консензусот меѓу сите организации кои се занимаваат со промоција и спроведување на обезбедувањето квалитет на Европскиот простор на високо образование. ESG разликува „внатрешно обезбедување на квалитет“–практики и стратегиите за обезбедување квалитет кои ги спроведуваат високообразовните установи

за да го обезбедат сопствениот образовен квалитет – и „надворешно оценување на квалитет“ – стратегии и процеси кои ги спроведуваат надворешни тела.
Стандардите и упатствата за обезбедување на квалитет во Европскиот простор за високо образование, се основа за изведување на високообразовната дејност и основа на системот за обезбедување квалитет. Поточно, стандардите се насочени на обезбедувањето на квалитет на учењето и наставата во високото образование, вклучувајќи ги образовното опкружување и соодветните врски со истражувањата и пронајдоците. Тие ги применуваат за кое било високо образование што се изведува на европскиот простор на високо образование, без оглед на видот на студиите или местото на студирање.

Сите активности за обезбедување квалитет се засноваат на две поврзани цели: отчетност и подобрување. Обезбедувањето на квалитетот и неговото подобрување на квалитетот се меѓусебно поврзани.

Главните цели на ESG се дефинирани како „воспоставување на општа рамка за системите за обезбедување квалитет за учење и настава на европско, национално и институционално ниво; обезбедување и подобрување на квалитетот на високото образование во Европскиот простор на високото образование (EHEA); зајакнување на меѓусебната доверба, со што се подобруваат признавањето и мобилноста во и надвор од националните граници; доставување на информации за обезбедувањето квалитет во EHEA.

Определени се и четирите главни начела за обезбедување квалитет на EHEA:
- првенствената одговорност за квалитетот на изведувањето на високото образование е на високообразовните установи;
- обезбедувањето квалитет соодветствува на разноликоста на високообразовните системи, високообразовните установи, студиските програми и студентите;
- обезбедувањето квалитет го побудува развојот на културата за квалитет;
- обезбедувањето квалитет ги зема предвид потребите и очекувањата на студентите, сите други засегнати страни и општеството.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
Овој закон предизвикува фискални импликации.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ
Овој закон не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.

Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Предлог на закон
за обезбедување на квалитет во високото образование и науката

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој закон се уредува обезбедувањето и оценувањето на квалитетот во високото образование и науката првенствено преку постапката за иницијална институционална и програмска акредитација, акредитација на ментори за трет циклус студии, редовна надворешна институционална и програмска евалуација, вонредна надворешна институционална и програмска евалуација, периодична надворешна евалуација на внатрешниот систем за обезбедување квалитет, самоевалуација и тематски анализи, статусот, дејноста и внатрешната организација на Агенцијата за квалитет во високото образование и науката (во натамошниот текст: Агенцијата), која се грижи за обезбедување и унапредување на квалитетот во високото образование и науката и надлежноста на останатите тела и органи во Република Северна Македонија, во обезбедувањето квалитет и унапредување на високото образование и науката.

(2) Одредбите од овој закон се применуваат на високообразовните установи, научните институти инаучните центри за извонредност (во натамошниот текст: вреднувани субјекти), запишани во регистарот на високообразовни установи и регистарот на научни установи, како и на академскиот кадар.

Член 2

(1) Обезбедувањето и оценувањето на квалитетот во високото образование и науката се заснова на следните начела:

1. Начело на институционална автономија и примарна одговорност – високообразовните и научните установи се примарно одговорни за обезбедување и унапредување на квалитетот на својата дејност;
2. Начело на јавен интерес – системот за обезбедување на квалитет се воспоставува со цел заштита на јавниот интерес и интересот на студентите;
3. Начело на континуирано подобрување – обезбедувањето на квалитет претставува континуиран процес на следење, оценување и унапредување на наставната, научноистражувачката и уметничката дејност;
4. Начело на студентска ориентација – квалитетот на студиските програми и наставата се развива во согласност со потребите на студентите и пазарот на трудот;
5. Начело на одговорност и отчетност – високообразовните и научните установи се одговорни за резултатите од својата работа, вклучително и за рационално користење на јавните и приватните средства;
6. Начело на транспарентност – постапките, критериумите и резултатите од обезбедувањето и оценувањето на квалитетот се јавни и достапни, освен во случаи утврдени со закон;
7. Начело на независност и стручност – оценувањето на квалитетот се спроведува објективно, непристрасно и врз основа на стручни и научни критериуми;
8. Начело на култура на квалитет – високообразовните и научните установи развиваат институционална култура на квалитет како дел од нивното редовно работење;
9. Начело на академска слобода, автономија и иновативност – системот за квалитет не смее да ја нарушува академската слобода, автономијата на установите, ниту да ја ограничува разновидноста и иновативноста;
10. Начело на меѓународна споредливост и усогласеност – системот за обезбедување на квалитет се усогласува со европските стандарди и насоки во областа на високото образование и науката.

(2) Обезбедувањето и оценувањето на квалитетот во високото образование и научната дејност има за цел:
1. унапредување на квалитетот на високообразовната, научноистражувачката и уметничката дејност;
2. воспоставување и развивање на ефикасни механизми за внатрешно и надворешно обезбедување и оценување на квалитетот;
3. обезбедување високо ниво на одговорност на високообразовните и научните установи за квалитетот на нивната работа;
4. заштита на интересите на студентите, академскиот кадар и јавниот интерес;
5. обезбедување споредливост, препознатливост и признавање на квалификациите и научните резултати на национално и меѓународно ниво;
6. поттикнување на конкуренција, квалитет и извонредност во високото образование и науката;
7. развивање на култура на квалитет во високообразовните и научните установи;
8. обезбедување транспарентност, доверба и интегритет во системот на високото образование и науката;
9. поттикнување на иновации, научен развој и унапредување на академската слобода;
10. развивање процеси со кои високообразовните и научните установи ја искажуваат својата одговорност вклучувајќи ја и одговорноста за инвестирање на јавните и приватните средства.

Член 3

Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:
1. „Високорангиран универзитет“ е универзитет кој во последните десет години се наоѓал меѓу првите петстотини рангирани универзитети на Академската ранг-листа на светските универзитети Шангај Џиао Тонг (Academic Ranking of World Universities Shangai Xiao Tong (ARWU),
2. „Внатрешен систем за обезбедување на квалитет“ се мерки и активности со кои вреднуваните субјекти ја обезбедуваат својата одговорност за успехот и остварување на квалитетен исход на образовните и научните активности,
3. „Вонредна надворешна евалуација“ е вонредна постапка за надворешно оценување на квалитетот на вреднуваните субјекти и/или студиски програми (институционална и програмска вонредна надворешна евалуација) со која се утврдува исполнетоста на критериумите и стандардите за продолжување на извршување на дејноста и/или изведување на студиските програми на вреднуваните субјекти,
4. „Дозвола за вршење високообразовна дејност“ е управен акт кој го донесува министерот надлежен за работите од високото образование и науката (во натамошниот текст: министерот), врз основа на одлука на Советот за квалитет, со кој се утврдува дека вреднуваниот субјект ги исполнува условите за вршење високообразовна дејност за определен период,
5. „Дозвола за изведување на студиска програма“ е управен акт кој го донесува министерот врз основа на одлука на Советот за квалитет, со кој се утврдува дека вреднуваниот субјект може да ја изведува студиската програма за определен период,
6. „Европска асоцијација за обезбедување квалитет во високото образование“ (European Association for Quality Assurance in Higher Education -ENQA), е асоцијација во која членуваат организации за вреднување на високото образование и науката од земјите на единствениот европски простор за високо образование,
7. „Европски регистар за обезбедување квалитет“ (European Quality Assurance Register-EQAR), е регистар на национални агенции за квалитет во високото образование и науката, кои покажале суштинско усогласување со Европските стандарди и насоки за обезбедување на квалитет во високото образование (ESG),

8. „Евалуација на субјектите на научноистражувачка дејност“ е постапка за надворешно оценување на квалитетот на субјектите кои се основани согласно Законот за научноистражувачката дејност и се запишани во регистарот на субјектите за вршење на научноистражувачката дејност, со која се утврдува исполнетоста на критериумите и стандардите за продолжување на извршување на научноистражувачката дејност,
9. „Иницијална акредитација“ е постапка за надворешно оценување на квалитетот на нови вреднувани субјекти и/или нови студиски програми (институционална и програмска акредитација), со што се утврдува дали субјектот ги исполнува потребните критериуми и стандарди за акредитација,
10. „Квалитет во високото образование и науката“ е повеќедимензионален и динамичен концепт кој има за цел задоволување на општоприфатените стандарди и очекувањата на општеството во целина со тежнеење кон постојано унапредување на сите процеси и нивните исходи,
11. „Надворешен систем за обезбедување на квалитет“ е вреднување и оценка на квалитетот на вреднуваните субјекти, кои се темелат на објективни и прецизно дефинирани критериуми и стандарди,
12. „Одлука за акредитација на ментор на докторски студии“ е управен акт, кој го донесува Советот за квалитет, кој претставува услов за изведување на менторство од страна на професорите, при изработката на докторски трудови,
13. „Одлука за институционална акредитација“ е управен акт, кој го донесува Советот за квалитет врз основа на спроведената постапка за иницијална акредитација, врз основа на кој министерот во натамошна постапка одлучува за вршењето на високообразовна дејност на вреднуваните субјекти,
14. „Одлука за институционална реакредитација“ е управен акт, кој го донесува Советот за квалитет врз основа на спроведената постапка за редовна надворешна институционална евалуација или вонредна надворешна институционална евалуација, врз основа на кој министерот одлучува за вршењето на високообразовна дејност на вреднуваните субјекти,
15. „Одлука за одземање на акредитацијата“ е управен акт кој го донесува Советот за квалитет врз основа на спроведената постапка за редовна надворешна институционална евалуација, редовна надворешна програмска евалуација, вонредна надворешна институционална евалуација или вонредна надворешна програмска евалуација, со кој се предлага на министерот одземање на дозволата за вршење високообразовна дејност или одземање на дозволата за изведување на студиски програми на вреднуваните субјекти,
16. „Одлука за програмска акредитација“ е управен акт, кој го донесува Советот за квалитет врз основа на спроведената постапка за иницијална акредитација, врз основа на кој министерот одлучува за изведувањето на студиски програми на вреднуваните субјекти.
17. „Одлука за програмска реакредитација“ е управен акт, кој го донесува Советот за квалитет врз основа на спроведената постапка за редовна надворешна програмска евалуација или вонредна надворешна програмска евалуација, врз основа на кој министерот одлучува за изведувањето на студиска програма на вреднуваните субјекти,
18. „Периодична надворешна евалуација на внатрешниот систем за обезбедување на квалитет“ е постапка со која се оценува развиеноста и делотворноста на внатрешниот систем за обезбедување на квалитет на вреднуваните субјекти,
19. „Постапки за обезбедување на квалитет“ се иницијална институционална и програмска акредитација, редовна надворешна институционална и програмска евалуација, вонредна надворешна институционална и програмска евалуација, периодична надворешна евалуација на внатрешниот систем за обезбедување на квалитет и самоевалуација и тематска евалуација,

20. „Потврда за периодична надворешна евалуација на внатрешниот систем на обезбедување на квалитет“ е потврда со важност од пет години, која на вреднуваните субјекти ја издава Советот за квалитет, а се однесува на степенот на развиеност на внатрешниот систем за обезбедување на квалитет,
21. „Редовна надворешна евалуација“ е редовна постапка за надворешно оценување на квалитетот на вреднуваните субјекти и/или студиски програми (институционална и програмска редовна надворешна евалуација) со која се утврдува исполнетоста на критериумите и стандардите за продолжување на извршување на дејноста и/или изведување на студиските програми на вреднуваните субјекти,
22. „Решение за одземање на дозволата за вршење високообразовна дејност“ е управен акт кој го донесува министерот, со кој се утврдува дека на вреднуваниот субјект му престанува правото на вршење на високообразовна дејност, поради неисполнетост на условите за вршење високообразовна дејност,
23. „Решение за одземање на дозволата за изведување на студиски програми“ е управен акт кој го донесува министерот, со кој се утврдува престанок на изведување на одредени студиски програми на високообразовната установа.
24. „Самоевалуација“ е редовна постапка за внатрешно оценување на високообразовната и научната дејност на вреднуваните субјекти врз основа на пропишани стандарди и критериуми, чии резултати се земаат предвид при постапките за редовна надворешна институционална или програмска евалуација, вонредна надворешна институционална или програмска евалуација, евалуација на субјектите за вршење на научно - истражувачка дејност и периодична надворешна евалуација на внатрешниот систем за обезбедување на квалитет,
25. „Стандарди и насоки за обезбедување квалитет во Европскиот простор на високото образование“ (ESG) се стандарди кои се применуваат заради обезбедување на воедначен квалитет на високото образование на единствениот европски простор за високо образование,
26. „Тематска анализа“ е аналитички процес со кој Агенцијата ги анализира резултатите од повеќе акредитации, евалуации или извештаи со цел да се идентификуваат заеднички трендови, проблеми или добри практики во одредена тема и
27. „Тематска евалуација“ е структуриран процес на оценување на одредена тема во повеќе институции или студиски програми.

Систем за обезбедување квалитет во високото образование и науката

Член 4

(1) Обезбедувањето на квалитетот на вреднуваните субјекти се остварува преку надворешен и внатрешен систем за обезбедување на квалитет.
(2) Надворешниот систем за обезбедување на квалитет претставува оценување на квалитетот и ефикасноста на работата на вреднуваните субјекти, врз основа на квалитативни и квантитативни критериуми кои се во согласност со европските и меѓународните стандарди за обезбедување квалитет во областа на високото образование и науката и овој закон.
(3) Надворешниот систем за обезбедување на квалитет се спроведува преку оценување на квалитетот во процесот на иницијална институционална акредитација, иницијална програмска акредитација, редовна надворешна институционална евалуација, редовна надворешна програмска евалуација, вонредна надворешна институционална евалуација, вонредна надворешна програмска евалуација и периодична надворешна евалуација на внатрешниот систем за обезбедување квалитет и тематска евалуација.
(4) Внатрешниот систем за обезбедување на квалитетот се уредува со акт на вреднуваниот субјект, за кој врз основа на мислењето од сенатот на универзитетот,

односно советот на институтот или наставничкиот совет на високата стручната школа, согласност дава Советот за квалитет.
(5) Вреднуваните субјекти се должни да воспостават систем за внатрешно обезбедување на квалитетот.
(6) Системот за внатрешно обезбедување на квалитет на вреднуваните субјекти опфаќа: спроведување на внатрешни процедури за обезбедување и унапредување на квалитетот, спроведување на внатрешни процедурите за обезбедување и унапредување на академскиот интегритет, следење и подобрување на квалитетот на студиските програми, следење и подобрување на методите на учење, настава и оценување, следење и подобрување на резултатите од учењето, следење на примена на научните резултати во практиката, следење и подобрување на научната и уметничката продуктивност на наставниот кадар, следење и унапредување на професионалната работа на наставниот кадар; следење и унапредување на работата на вработените во стручните служби (административно-технички и помошно-технички кадар); следење и унапредување на другите активности што ги врши високообразовната односно научната установа.
(7) Кај вреднуваните субјекти кај кои се изведува високообразовна и научно-истажувачка дејност од медицинските и другите здравствени науки, системот за внатрешно обезбедување на квалитет соодветно ја опфаќа и клиничката наставна средина, условите за изведување на практичната настава, како и аспектите поврзани со безбедноста и квалитетот на здравствената практика.

## II. Агенција за квалитет во високото образование и науката

### Статус на Агенцијата
### Член 5

(1) Агенцијата за квалитет во високото образование и науката, е самостојно правно лице, со јавни овластувања, запишано во Централниот регистар на Република Северна Македонија.
(2) Агенцијата има печат кој содржи натпис: Република Северна Македонија - Агенција за квалитет во високото образование и науката. Во средината на печатот е грбот на Република Северна Македонија.
(3) Седиштето на Агенцијата е во Скопје.
(4) Агенцијата има статут, кој го донесува управниот одбор на предлог на директорот на Агенцијата.
(5) Во меѓународниот промет Агенцијата го користи називот „Agency for Quality in Higher Education and Science“.

### Надлежност на Агенцијата
### Член 6

(1) Агенцијата самостојно и независно ги извршува работите согласно овој закон и друг закон, почитувајќи ги европските стандарди и насоки и меѓународната практика на подрачјето на обезбедување на квалитет во високото образование и науката.
(2) Агенцијата како носител на јавни овластувања донесува одлуки, критериуми и стандарди за квалитет и:
1) спроведува постапки за обезбедување на квалитет;
2) собира  и обработува податоци за системот на високо образование и наука, како и за ресурсите на науката и високото образование и нивната соодветност со општествените потреби, квалитетот и делотворноста на научната и високообразовната дејност и тенденциите за развој на системот за високо образование и наука и нивните делови на кои се темелат анализите потребни за утврдување на стандардите за квалитет, кои ги доставува до министерот;

3) извршува активности за поврзување и вклучување во меѓународни здруженија и мрежи од областа на обезбедување на квалитет на високото образование и науката;
4) работи на поттикнување на научните вештини, сознанија и истражувања во системот на квалитет на високото образование и науката во Република Северна Македонија и спроведува едукациски активности на национален план, а посебно обуки на членовите на стручните комисии во постапките за оценување во рамките на надворешниот систем за обезбедување на квалитетот и
5) врши работи во согласност со закон и статут .
(3) Работата на Агенцијата и внатрешната организација поблиску се уредуваат со статутот и актите за систематизација и организација на Агенцијата, во согласност со закон.

Средства за работа на Агенцијата
Член 7
(1) Агенцијата има посебна сметка.
(2) Средствата за работа на Агенцијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и од сопствени извори.

Органи на Агенцијата
Член 8
(1) Органи на Агенцијата се: директор, управен одбор и Совет за квалитет.
(2) Работата на Советот за квалитет, се уредува со статутот на Агенцијата и деловник за работа.

Управен одбор
Член 9
(1) Орган на управување на Агенцијата е управниот одбор.
(2) Членовите на управниот одбор ги избира и разрешува Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието) на јавен конкурс.
(3) Управниот одбор го сочинуваат претседател, заменик претседател и три членови и тоа:
– еден претставник од редот на административните службеници вработени во Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството),
– еден претставник од стопанските комори на Република Северна Македонија,
– два члена од редот на редовните и вонредните професори вработени на високообразовните установи во државата и
– еден претставник од редот на редовните студенти од високообразовните установи во државата.
(4) Членовите на управниот одбор се избираат со мандат од пет години, со право на уште еден последователен избор, освен претставникот на студентите кој има мандат од две години со право на уште еден последователен избор.
(5) Конститутивната седница на управниот одбор ја свикува највозрасниот член на управниот одбор, во рок од 15 дена од денот на изборот на неговите членови.
(6) Членовите на управниот одбор избираат претседател и заменик претседател на првата конститутивна седница, со мнозинство од гласовите од вкупниот број на членови на управниот одбор.
(7) При изборот на членовите на управниот одбор се води сметка за правичната и соодветната застапеност на заедниците во Република Северна Македонија, не нарушувајќи го принципот на стручност и компетентност.

Член 10

(1) За член на управниот одбор може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:

– да е државјанин на Република Северна Македонија,

– да има завршено најмалку VI А ниво на високо образование, а лицата од член 9 став (3) алинеја 3 од овој закон, да имаат VIII ниво на високо образование,

– да го познава англискиот јазик,

– да има искуство во примена на Стандардите и насоките за осигурување на квалитетот на Европскиот простор на високото образование и системот на високото образование и Националната рамка на високообразовни квалификации,

– со правосилна судска пресуда да не му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност,

– да има најмалку пет години работно искуство во струката и

– да не бил избран или именуван на функција од Собранието, Владата на Република Северна Македонија или на непосредни избори во последните пет години.

(2) Условите од ставот (1) алинеите 2, 4 и 6 на овој член, не се однесуваат на студентот.

Член 11

(1) Претседателот, заменикот претседател и член на управниот одбор може да биде разрешен и пред истекот на мандатот, само ако:

– сам тоа го побара,

– не ги извршува обврските утврдени со закон и статутот на Агенцијата, на предлог на управниот одбор.

(2) Функцијата на член на управниот одбор предвреме престанува само во следниве случаи:

- смрт на членот или трајна неспособност за вршење на неговата функција,

- со поднесување на оставка,

- ако членот го загуби звањето редовен професор, односно на членот му престане статусот на вработен во Министерство или на членот му престане статусот студент;

- ако членот стапи на должност или функција која е неспојлива со функцијата член на управниот одбор, согласно закон или

- кога управниот одбор констатира дека членот подолго од три месеци не ги врши обврските согласно закон.

(3) Месечниот нето надоместок за работа на членовите изнесува 25 % од просечната месечна исплатена нето плата по вработен во претходната година во Републиката, доколку во текот на месецот се одржи седница.

Член 12

Управниот одбор:

– го донесува статутот на Агенцијата,

– ја донесува годишната програма за работа на Агенцијата,

– ја усвојува завршната сметка,

– го донесува годишниот финансиски извештај за Агенцијата,

– ги донесува актите за организација и систематизација на работните места на Агенцијата,

– дава предлози за тематски анализи до Советот за квалитет,

– избира секретар на Агенцијата од редот на вработените,

– одлучува по жалби на вработените во Агенцијата, во постапки поврзани со работните односи,

– го усвојува годишниот извештај за работата на Агенцијата,

– донесува среднорочен стратешки документ со кој се уредуваат активностите и работите на Агенцијата во наредите три години,
– го усвојува годишниот буџет на Агенцијата,
– донесува деловник за својата работа,
- ја определува висината на трошоците кои вреднуваните субјекти ги уплаќаат за спроведување на постапките за обезбедување на квалитет и другите постапки во надлежност на Агенцијата, утврдени со овој закон,
– донесува одлука за начин и висина за исплата на патни трошоци на директорот и членовите на Советот за квалитет и висината на надоместоците за членовите на стручните комисии, во висина на цената на автобуска карта во јавниот превоз,
– донесува етички кодекс на однесување за вработените во Агенцијата и
– врши други работи утврдени со статутот на Агенцијата.

Совет за квалитет
Член 13

(1) Советот за квалитет е составен од петнаесет членови:
-шест членови од редот на вонредните и редовните професори или вишите научни соработници и научни советници, избрани со тајно гласање од Интеруниверзитетската конференција, соодветно на застапеноста на универзитетите според нивното учество во вкупниот број на првпат запишани студенти на прв, втор и трет циклус заедно, согласно статистичките податоци објавени на интернет страницата на Државниот завод за статистика;
- пет членови именувани од Владата на Република Северна Македонија, од редот на вонредните и редовните професори од јавните и приватно-јавните универзитети;
- два члена именувани од Владата на Република Северна Македонија, од редот на вишите научни соработници и научните советници од јавните научни установи;
- еден член именуван од стопанските комори на Република Северна Македонија,
- еден член од редот на студентите, на предлог на студентите членови во Интеруниверзитетската конференција, согласно Статутот на Интеруниверзитетската конференција.
(2) Меѓу членовите на Советот за квалитет избрани од Интеруниверзитетската конференција задолжително мора да има најмалку по еден член од редот на професорите или научните советници од секое од подрачјата според Националната класификација на научните полиња, потполиња и области на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Националната класификација).
(3) Член на Советот за квалитет може да биде вонреден, редовен професор, виш научен соработник или научен советник, кој:
- во текот на кариерата објавил најмалку пет трудови индексирани во една од базите на Веб оф сајанс (Web of Science) и/или Скопус (Scopus) или имал академски статус гостински професор (visiting professor), гостински научник (visiting scholar), постдокторски соработник (postdoctoral fellow), истражувачки соработник (research fellow) или реализирал научен проект на високорангиран универзитет или реализирал настава на високорангиран универзитет;
- има претходно искуство во процесите за обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитет како членство во национални, универзитетски или факултетски тела за квалитет, комисии за самоевалуација, член во комисија или надворешен експерт во процеси на акредитација и евалуација во државата и странство, членство во Национален совет за високо образование и научно - истражувачка дејност (во натамошниот текст: Националниот совет) или објавени трудови или учество во проекти поврзани со квалитетот во високото образование и науката.

(4) Исполнетоста на условот реализиран научен проект или настава од ставот (3) алинеја 1 на овој член, се докажува со потврда од високорангираниот универзитет.
(5) Член на Советот за квалитет не може биде лице кое во моментот на избор за член на Советот за квалитет е ректор, проректор, декан, директор на научна установа, член на Националниот совет или претседател на студентска организација.
(6) Мандатот на членовите на Советот за квалитет е пет години, со право на уште еден последователен избор, освен за претставникот од редот на студентите за кој мандатот е две години.
(7) Членовите на Советот за квалитет се независни и самостојни во својата работа.
(8) Членовите на Советот за квалитет не може да бидат членови на стручните комисии во постапките за обезбедување на квалитет.
(9) Функцијата на член, односно членови на Советот за квалитет предвреме престанува само во следниве случаи:
- смрт на членот на Советот за квалитет или настанување трајна неспособност за вршење на неговата функција,
- со поднесување на оставка,
- ако членот го загуби звањето вонреден, редовен професор, виш научен соработник или научен советник, односно му престане статусот на студент;
- ако членот на Советот за квалитет стапи на должност или функција која е неспојлива со функцијата член на Советот за квалитет, согласно закон,
- кога Советот за квалитет констатира дека членот подолго од три месеци не ги врши обврските согласно закон.
(10) Во случаите од ставот (9) на овој член, директорот на Агенцијата ја известува институцијата која го избрала, односно именувала членот, да избере, односно да именува нов член.

Член 14

(1) Советот за квалитет на конститутивната седница од своите редови избира претседател и заменик претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот за квалитет.
(2) Претседателот и членовите на Советот за квалитет примаат месечен надоместок за својата работа.
(3) Месечниот нето надоместок за работа на членовите изнесува 30 % од просечната месечна исплатена нето плата по вработен во претходната година во Републиката, доколку во текот на месецот се одржи седница.
(4) Надоместоците од ставот (3) на овој член, ги исплаќа Агенцијата.

Надлежности на Советот за квалитет

Член 15

(1) Советот за квалитет:
- донесува одлуки, мислења и препораки во постапките за иницијална акредитација, акредитација на ментори на трет циклус студии, редовна надворешна евалуација, вонредна надворешна евалуација, периодична надворешна евалуација, како и во постапките за основањето, вршењето на дејноста и престанок на високообразовните и научните установи предвидени со овој закон;
- предлага Правилник за стандардите, методологијата и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, кој го донесува министерот;
- предлага Правилник за стандардите и методологијата и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми, кој го донесува министерот;

- предлага Правилник за стандарди и методологија и постапка за самоевалуација и надворешна евалуација на субјектите за вршење на научно-истражувачка дејност, кој го донесува министерот,
- дава препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност;
- предлага правилник за дополнително следење на квалитетот на вреднуваниот субјект, кој го донесува министерот,
- утврдува форма и содржина на образец за поднесување на проектот за основање на јавна, приватна или приватно-јавна високообразовна установа,
- утврдува форма и содржина на образец на елаборат за акредитација на студиски програми,
- утврдува форма и содржина на образец на извештај за надворешна институционална и/или програмска евалуација;
- утврдува форма и содржина на образец на извештај за самоевалуација;
– избира претседател на Советот за квалитет;
- денесува деловник за својата работа и
– извршува и други работи во согласност со законот и статутот на Агенцијата.
(2) Советот за квалитет одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.
(3) Седниците на Советот за квалитет се одржуваат со непосредно присуство на членовите, а по исклучок согласно статутот, може да се одржат и со употреба на информатичка технологија.
(4) Советот за квалитет за својата работа на секои шест месеци доставува извештај до директорот на Агенцијата и министерот.
(5) Образецот на извештајот од став (4) на овој член, го пропишува министерот.
(6) Извештајот од ставот (4) на овој член, задолжително се објавува на интернет страницата на Агенцијата, согласно ставот (4) на овој член и на интернет страницата на Министерството во рок од седум дена од неговото доставување.

Директор на Агенцијата за квалитет
Член 16
(1) Директорот на Агенцијата го именува и разрешува Собранието, на јавен оглас.
(2) Директорот на Агенцијата има мандат од пет години, со право на уште еден последователен избор.
(3) За директор на Агенцијата може да биде именувано лице кое:
1) е државјанин на Република Северна Македонија;
2) е од редот на вонредни или редовни професори, односно виши научни соработници или научни советници на јавните високообразовни или научни установи во Република Северна Македонија,
3) активно користи еден светски јазик,
4) со правосилна судска пресуда да не му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност и
5) има претходно искуство во процесите за обезбедување, оценување, развој или унапредување на квалитет.
(4) Основната бруто плата на директорот на Агенцијата е во висина на три просечни исплатени бруто по вработен во претходната година во Републиката. За вршење на функцијата, на директорот му следува надоместок за патни трошоци во висина на цената на автобуска карта во јавниот превоз.
(5) Собранието констатира дека мандатот на директорот на Агенцијата престанал кога:
1) настапила смрт,
2) поднел оставка,
3) ако го загуби звањето од ставот (3) точка 2) на овој член,

4) ако е именуван или избран на функција или должност која е неспојлива со функцијата директор на Агенцијата, или
5) со правосилна судска пресуда му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност
(6) Директорот на Агенцијата може да биде разрешен од Собранието пред истекот на мандатот, во следните случаи:
1) кога подолго од шест месеци не е во состојба да ги врши обврските или
2) поради нестручно и несовесно вршење на функцијата.
(7) Ако на директорот му престане мандатот или биде разрешен, управниот одбор во рок од три дена од денот на престанокот на мандатот или разрешувањето на директорот, назначува вршител на должност директор со мандат не подолг од шест месеци и за истото во рок од седум дена го известува Собранието, за отпочнување на постапка за именување на директор. Собранието во рок од триесет дена од денот на добивањето на известувањето распишува јавен оглас. Вршителот на должност директор се грижи само за непречено функционирање на Агенцијата до избор на директор.
(8) Вршителот на должност директор од ставот (7) на овој член, треба да ги исполнува условите за директор од ставот (3) на овој член.
(9) За време на вршењето на функцијата, на директорот му мирува работниот однос кој го имал пред именувањето на функцијата.

Работи и задачи на директорот на Агенцијата
Член 17

(1) Директорот на Агенцијата:
1. ја претставува и застапува Агенцијата,
2. изготвува годишен извештај за работата на Агенцијата кој го доставува до Собранието и министерот најдоцна до 30 март во тековната за претходната година.
3. присуствува на седниците на Советот за квалитет без право на одлучување,
4. присуствува на седниците на управниот одбор без право на одлучување,
5. се грижи за спроведување на одлуките и решенијата на Советот за квалитет,
6. ја организира и раководи стручната служба на Агенцијата,
7. се грижи и одговара за материјално-финансиското работење на Агенцијата,
8. одлучува за правата од работен однос на вработените во Агенцијата,
9. задолжително ги објавува извештајот за работата на Агенцијата, одлуките на Советот за квалитет и извештаите од надворешна евалуација на интернет страницата на Агенцијата, во рок од седум дена од нивната конечност;
10. ги организира и спроведува тематските анализи,
11. предлага годишна програма за работа на Агенцијата до управниот одбор,
12. предлага годишен финансиски план на Агенцијата до управниот одбор,
13. предлага статут на Агенцијата до управниот одбор,
14. предлага општи и поединечни акти во согласност со закон и статут на Агенцијата до управниот одбор,
15. ги потпишува одлуките на Советот за квалитет заедно со претседателот на советот
16. го уредува начинот на водење на базите од член 42 став (1) алинеите 4, 5 и 6 од овој закон и
17. врши и други работи утврдени со закон и статут.
(2) Извештајот од ставот (1) точка 2 на овој член, се изготвува согласно Водичот на Европската асоцијација на агенции за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA).
(3) Образецот на извештајот од ставот (1) точка 2 на овој член, го утврдува министерот.

Комисија за приговори

Член 18

(1) На извештајот на стручната комисија од членот 22 став (1) од овој закон, вреднуваниот субјект има право на приговор само на процедурални пропусти во постапката за обезбедување на квалитет.

(2) За разгледување и одлучување по приговорот од став (1) на овој член директорот на Агенцијата формира Комисија за приговори (во натамошниот текст: Комисијата).

(3) Комисијата е составена од пет члена и нивни заменици од редот на универзитетски редовни професори или научни советници, од кои најмалку еден член и заменик член е правник.

(4) Членовите на Комисијата избираат претседател и заменик претседател од своите редови. Членовите и нивните заменици не може да бидат членови на Советот за квалитет и на стручните комисии од член 21 од овој закон.

(5) Членовите на Комисијата и нивните заменици имаат мандат од пет години со право на уште еден последователен избор.

(6) Членовите на Комисијата и нивните заменици се независни и самостојни во својата работа.

(7) Комисијата својата работа ја уредува со деловник за работа.

(8) Месечните нето надоместоци на членовите или нивните заменици од Комисијата, изнесува 30% од просечната месечна исплатена нето плата по вработен во претходната година во Републиката, доколку во текот на месецот се одржала седница.

(9) Надоместоците на присутните членови односно заменици на седница, ги исплаќа Агенцијата од сопствени средства.

Стручна служба на Агенцијата

Член 19

(1) Агенцијата има стручна служба која ги врши стручните, административните и помошно-техничките работи.

(2) Составот, организацијата и начинот на работа на стручната служба на Агенцијата се уредува со правилник кој го донесува директорот.

(3) За прашањата кои се однесуваат на статусот на административните службеници во Агенцијата, се применуваат одредбите од Законот за административните службеници.

(4) Платата на вработените во Агенцијата кои имаат статус на административни службеници се утврдува согласно Законот за административни службеници, а плата на помошно-техничките лица согласно општите прописи од областа на работните односи.

Стандарди и критериуми за обезбедување на квалитетот на вреднуваните субјекти

Член 20

(1) Во постапките за обезбедување на квалитет, се применуваат стандардите за квалитет во високото образование и науката (во натамошниот текст: Стандарди за квалитет).

(2) Стандардите за квалитет се засновани и усогласени со Стандардите и насоките за обезбедување квалитет во Европскиот простор на високото образование. Стандардите за квалитет содржат елементи и индикатори за квалитет кои вклучуваат исполнување на условите утврдени со овој закон.

(3) Стандардите за квалитет ги донесува Советот за квалитет и истите се објавуваат на интернет страницата на Агенцијата.

(4) Во постапките за обезбедување на квалитет, покрај стандардите од став (1) на овој член и критериумите во однос на вршењето на високообразовната дејност утврдени со Законот за високото образование, се применуваат и стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, односно

стандардите и нормативите за основање на научни институти и за вршење научно-истражувачка дејност.
(5) При оценувањето на студиската програма се оценува и усогласеноста на студиската програма со стандардот за квалификации од Националната рамка на квалификации.
(6) Студиски програми кои се акредитирани на високорангиран универзитет пред странска акредитациска агенција, можат да се изведуваат во Република Северна Македонија без спроведување на постапка за акредитација.
(7) Студиски програми кои се акредитирани од странска акредитациска агенција, која е впишана во Европскиот регистар за осигурување на квалитет (EQAR), освен студиските програми за заедничка диплома, можат да се изведуваат во Република Северна Македонија без спроведување на постапка на акредитација, доколку странска акредитациска агенција има склучено договор за меѓусебно признавање на акредитации со Агенцијата.

Стручни комисии на Агенцијата

Член 21

(1) Во постапките за обезбедување на квалитет, Советот за квалитет формира стручни комисии од редот на експертите, односно студентите внесени во базите од член 42 став (1) алинеите 4, 5 и 6 од овој закон.
(2) При иницијална институционална акредитација, редовна надворешна институционална евалуација и вонредна надворешна институционална евалуација, стручната комисија е сочинета од пет члена, од кои два се домашни експерти, избрани во наставно-научно звање вонреден или редовен професор, два члена се странски експерти-вонреден или редовен професор на универзитет во земја чие тело за оценка на квалитет е во Европскиот регистар за обезбедување на квалитет (European Quality Assurance Register-EQAR) и еден член е редовен студент на јавна високообразовна установа.
(3) При иницијална програмска акредитација, редовна надворешна програмска евалуација и вонредна надворешна програмска евалуација, стручната комисија е сочинета од три члена, од кои еден е домашен експерт, од редот на вонреден или редовен професор, еден член е странски експерт-вонреден или редовен професор на универзитет во земја чие тело за оценка на квалитет е во Европскиот регистар за обезбедување на квалитет (European Quality Assurance Register-EQAR) и еден член е редовен студент на јавна високообразовна установа.
(4) При периодична надворешна евалуација на внатрешниот систем за обезбедување на квалитет на вреднуваните субјекти, стручната комисија е сочинета од три члена, и тоа два члена - домашни експерти-професори, избрани во наставно-научно звање вонреден или редовен професор и еден член редовен студент на јавна високообразовна установа.
(5) При посебната евалуација од членот 37 од овој закон, стручната комисија е сочинета од три члена, и тоа: два члена - домашни експерти-професори, избрани во наставно-научно звање вонреден или редовен професор и еден член странски експерт-професор, избран во наставно-научно звање вонреден или редовен професор.
(6) Најмалку два члена на стручната комисија од ставовите (2), (3) и (5) на овој член, мора да бидат од подрачјето и полето на дејноста на високообразовната или научната установа, односно од подрачјето и полето на изведување на студиите.
(7) Член на стручната комисија за акредитација/евалуација на вреднуван субјект и/или студиска програма, не може да биде домашен експерт вработен во вреднуваниот субјект кој е предмет на оценување.
(8) Трошоците и надоместоците за работата на стручната комисија се покриваат од Буџетот на Република Северна Македонија и од сопствени извори на Агенцијата.

Висината на надоместоците на странските членови на стручните комисии ги утврдува управниот одбор, согласно расположивиот буџет на Агенцијата.
(9) Агенцијата е должна да го извести вреднуваниот субјект за датумот на посетата на стручната комисија, најдоцна 15 дена пред посетата.
(10) Со известувањето за датумот на посетата на стручната комисија, Агенцијата до вреднуваниот субјект ја доставува и одлуката за именување на стручната комисија.

Извештај на стручна комисија
Член 22
(1) Стручната комисија е должна да оствари посета на вреднуваниот субјект во рок од 30 дена од денот на нејзиното формирање и да поднесе извештај до Советот за квалитет и до вреднуваниот субјект, во рок од 20 дена од денот на посетата, во кој е утврден конкретен предлог до Советот за квалитет, во однос на постапката за обезбедување квалитет.
(2) Извештајот од ставот (1) на овој член, може да содржи и описи, анализи со релевантни докази, заклучоци и препораки, искажани на јасен, разбирлив и недвосмилен начин.
(3) Содржината на извештајот ја сочинуваат и оцените за секој од стандардите. Препораките за подобрување се прикажуваат во посебен дел на извештајот од став (1) на овој член.
(4) Извештајот од ставот (1) на овој член, како дополнување може да содржи и табели, белешки од остварените средби, оцена на системот за управување со квалитет, основни податоци за установата, преглед на разгледуваните материјали и документи и слично.

Приговор на извештајот на стручна комисија
Член 23
(1) Најдоцна 15 дена од денот на приемот на извештајот од член 22 став (1) од овој закон, вреднуваниот субјект има право на приговор до Комисијата од член 18 од овој закон.
(2) Комисијата го разгледува приговорот и донесува одлука во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот.
(3) Доколку Комисијата го прифати приговорот, во рок од седум дена од денот на прифаќањето на приговорот, ги доставува приговорот и одлуката од став (2) на овој член до Стручната комисија.
(4) Стручната комисија во рок од 15 дена од добивањето на одлуката од ставот (2) на овој член, подготвува втор извештај согласно одлуката на Комисијата и го доставува до Советот за квалитет за донесување на конечна одлука.
(5) На вториот извештај на стручната комисија, не е дозволен приговор од вреднуваниот субјект.
(6) Доколку Комисијата го одбие приговорот од став (1) на овој член, извештајот на стручната комисија од член 22 став (1) од овој закон, се доставува до Советот за квалитет, заедно со одлуката за одбивање на приговорот, во рок од седум дена од денот на донесување на одлуката.
(7) При разгледување и одлучување по приговорот од став (1) на овој член, во работата на комисијата не може да учествува член на комисијата кој е вработен во вреднуваниот субјект кој го поднел приговорот или има било каков судир на интереси, туку учествува заменик член на комисијата.

Одлуки на Советот за квалитет и решенија на директорот
Член 24
По спроведување на посебните постапки за обезбедување квалитет од членовите 25, 26, 27, 28, 29 и 30 од овој закон, Советот за квалитет донесува соодветни одлуки.

## III. ПОСЕБНИ ПОСТАПКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ

### Иницијална институционална акредитација

### Член 25

(1) Во рок од шест месеци од денот на добивањето на согласност на проектот за основање на високообразовна установа, матичната комисија формирана согласно Законот за високото образование, до Агенцијата поднесува барање за институционална акредитација.

(2)Кон барањето од став (1) на овој член, се поднесува следната документација:

1. основачкиот акт;
2. проектот и согласноста на проектот за основање на установата од Владата на Република Северна Македонија;
3. извештај од матичната комисија од став (1) на овој член;
4. студија за општествено-економската оправданост на студиите за секој циклус кои би ги организирала установата, со релевантни квантитативни истражувања изготвена и потпишана од најмалку три редовни професори во работен однос од првите три рангирани универзитети во Република Северна Македонија или од високорангиран универзитет, за секое научно поле/потполе/област, за која се предвидуваат студиските програми на установата;
5. доказ за сопственост на соодветен простор и опрема согласно правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовна установа и за вршење на високообразовна дејност, или договор за закуп на соодветен простор во времетраење од најмалку пет години;
6. неотповиклива банкарска гаранција на прв повик во износ од 70% од школарината на бројот на одобрените студенти со акредитацијата, односно на бројот на запишаните студенти, за вкупното времетраење на студиите за секој циклус на студии, или еквивалентна банкарска гаранција од финансиска институција основана во земја членка на Европската Унија или Економскиот европски простор, под истите критериуми и услови кои важат за финансиските институции во Република Северна Македонија, со која ќе им се надоместат средствата на студентите, во случај кога ќе престане со работа;
7. одлуки на матична комисија за избор на наставен и соработнички кадар во соодветно научно поле/потполе/област за која се изведуваат студиските програми и ненаставен кадар согласно критериумите утврдени со закон;
8. доказ за обезбедни потребни финансиски средства за извршување на дејноста согласно закон и
9. доказ за извршена уплата на трошоците за разгледување на барањето за иницијална интитуционална акредитација.

(3) Советот за квалитет во постапката за иницијална институционална акредитација согласно Правилникот за стандардите, методологијата и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми и Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, односно Правилникот за нормативи и стандарди за основање на научни институти и за вршење научно-истражувачка дејност, а врз основа на посетата и извештајот на стручната комисија, донесува одлука во врска со институционалната акредитација во рок од 60 дена од примањето на документите од став (2) на овој член, која е со важност од пет години, од денот на издавањето на дозволата од ставот (4) точка 1 на овој член.

(4) Со одлуката од ставот (3) на овој член, Советот за квалитет:

1. дава институционална акредитација согласно која министерот најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката дава дозвола за вршење на високообразовна дејност со траење од пет години од денот на нејзиното издавање или

2. го одбива барањето за институционална акредитација.
(5) По издавањето на дозволата од ставот (4) точка 1 на овој член за вршење на високообразовна дејност, високообразовната установа се запишува во регистарот на високообразовни установи, кој се води согласно Законот за високото образование.
(6) Во случај на одбивање на барањето за институционална акредитација, подносителот може повторно да поднесе барање по истекот на една година од денот на донесувањето на одлуката за одбивање на барањето.
(7) Трошоците за постапката за иницијална институционална акредитација се покриваат од Министерството доколку се основа јавен универзитет, од јавниот универзитетот доколку се основа нова единица на универзитетот, од основачот за приватните високообразовни установи, односно приватно-јавни високообразовни установи.

Иницијална програмска акредитација
Член 26

(1) Барањето за акредитација на нови студиски програми се поднесува до Агенцијата:
- најмалку една година пред почетокот на студиската година во која ќе започне изведувањето на наставата или
- ако има измени повеќе од 30% во содржината на претходно акредитираната студиска програма.
(2) Барањето од ставот (1) на овој член, може да поднесе само високообразовна или научна установа која има дозвола за вршење на високообразовна дејност, согласно овој закон.
(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член, подносителот ја доставува потребната документација за издавање на акредитација, која мора да содржи:
1. елаборат за студиските програми со неопходните елементи предвидени во Законот за високото образование и во Правилникот за содржината на студиските програми;
2. студија за општествено-економската оправданост на изведувањето на секоја студиска програма која се акредитира, со релевантни квантитативни истражувања изготвена од високообразовната или научната установа, за секоја научна област за секоја студиска програма за која се поднесува барање.;
3. анализа со мерливи показатели за потребите на пазарот на трудот;
4. доказ за сопственост на соодветен простор и опрема согласно овој закон и општ акт на Агенцијата, или договор за закуп на соодветен простор во времетраење од најмалку пет години;
5. број на склучени договори за вработување на наставници од научното поле/потполе/област за која се изведува студиската програма, при што:
- универзитет треба да има во работен однос со полно работно време лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања за изведување на најмалку 50% од часовите на настава на студиските програми за кои се бара акредитација, а најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време на секоја од единиците на универзитетот;
- високата стручна школа треба да има во работен однос со полно работно време лица избрани во наставни звања за изведување на најмалку 50% од часовите на настава на студиските програми за кои се бара акредитација, а најмалку 10 наставници во работен однос со полно работно време на високата стручна школа.
6. неотповиклива банкарска гаранција на прв повик во износ од 70% од школарината на бројот на одбрените студенти со акредитацијата, односно на бројот на запишаните студенти, за вкупното времетраење на студиите за секој циклус на студии, или еквивалентна банкарска гаранција од финансиска институција основана во земја членка на Европската Унија или Економскиот европски простор, под истите критериуми и услови

кои важат за финансиските институции во Република Северна Македонија, со која ќе им се надоместат средствата на студентите, во случај кога ќе престане со работа;
7. механизми за обезбедување хоризонтална и вертикална мобилност на студентите во националното и европското високообразовно подрачје;
8. дозвола за вршење на високообразовна дејност;
9. доказ за извршена уплата на трошоците за разгледување на барање за програмска акредитација;
10. друга документација предвидена согласно општ акт на Агенцијата.
(4) Советот за квалитет во рок од 15 дена од приемот на барањето од став (1) на овој член, започнува постапка за утврдување на исполнетоста на условите за изведување на студиските програми, согласно документацијата од ставот (3) на овој член.
(5) Советот за квалитет во постапката за иницијална програмска акредитација согласно Правилникот за стандардите, методологијата и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, а врз основа на посетата и извештајот на стручната комисија, донесува одлука во врска со програмската акредитација, најдоцна во рок од 30 дена од денот на добивањето на извештајот на стручната комисија, која доколку е позитивна е со важност од пет години, од денот на издавањето на дозволата од ставот (6) алинеа 1 на овој член.
(6) Со одлуката од ставот (5) на овој член, Советот за квалитет:
- дава акредитација на студиската програма доколку се исполнети условите и критериумите за изведување на студиските програми, врз основа на која министерот во рок од осум дена од денот на добивањето на одлуката од ставот (5) на овој член издава дозвола за изведување на студиската програма или
- го одбива барањето за акредитација поради неисполнетост на условите и критериумите за изведување на студиските програми или
- утврдува дополнителен рок при условно позитивна оценка, во кој рок високообразовната установа е должна да ги отстрани недостатоците, кој не може да биде подолг од 30 дена од денот на добивањето на  одлуката од ставот (5) на овој член.
(7) Трошоците за постапката за иницијална програмска акредитација се покриваат од подносителот на барањето.

Редовна надворешна институционална евалуација
Член 27

(1) Вреднуваните субјекти кои добиле дозвола за вршење на високообразовна дејност согласно овој закон, подлежат на редовна надворешна институционална евалуација на секои пет години од денот на добивањето, односно продолжувањето на дозволата.
(2) Советот за квалитет за спроведување на редовни надворешни институционални евалуации подготвува годишен план,  и формира стручни комисии, согласно член 18 од овој закон.
(3) По спроведената постапка за редовна надворешна институционална евалуација согласно Правилникот за стандардите, методологијата и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација, стручната комисија изготвува извештај врз основа на кој Советот за квалитет донесува одлука за институционална реакредитација, која доколку е позитивна е со важност од пет години, од денот на издавањето на дозволата од ставот (5) алинеја 1 на овој член.
(4) Стручната комисија ја утврдува исполнетоста на стандардите за квалитет и ги оценува со „исполнува“, „делумно исполнува“ или „не исполнува“ и врз основа на наодите, дава општа оценка за квалитетот која се изразува како:
- „Позитивна оценка“ значи дека вреднуваниот субјект исполнува над 70% од стандардите од кои не повеќе од 20% се оценети со „делумно исполнува“ и постојат гаранции за обезбедувањето и одржувањето на квалитетот.

- „Условно позитивна оценка“ значи дека вреднуваниот субјект исполнува од 50% до 70% од стандардите, од кои не повеќе од 40% се оценети со „делумно исполнува“ и нема сериозни и фундаментални недостатоци за обезбедување на квалитетот.
- „Негативна оценка“ значи дека вреднуваниот субјект за повеќе од 40% од стандардите е оценет со „не исполнува“, односно се покажани сериозни и фундаментални недостатоци за обезбедување на квалитетот.
(5) Со одлуката од ставот (3) на овој член, Советот за квалитет:
- утврдува исполнетост на условите и критериумите за реакредитација на вреднуваниот субјект доколку оценката за квалитетот е позитивна, врз основа на што министерот во рок од осум дена од денот на добивањето на одлуката ја продолжува дозволата за вршење на високообразовна дејност за пет години или
- утврдува неисполнетост на условите и критериумите за реакредитација доколку оценката на квалитетот е негативна, врз основа на што министерот во рок од осум дена од денот на добивањето на одлуката ја одзема дозволата за вршење високообразовна дејност или
- утврдува дополнителен рок при условно позитивна оценка, кој не може да биде подолг од 90 дена од денот на приемот на одлуката, во кој рок вреднуваниот субјект е должен да ги отстрани недостатоците, за што директорот издава решение за дополнително следење во кое може да вклучи и забрана за упис на студенти на студиската програма во определен период.
(6) Трошоците за постапката за редовна надворешна институционална евалуација се покриваат од вреднуваниот субјект.

Редовна надворешна програмска евалуација

Член 28

(1) Акредитираните студиски програми на јавни, приватни и приватно-јавни установи високообразовни установи, како и на јавни и приватни научни установи подлежат на редовна надворешна програмска евалуација.
(2) Редовната надворешна програмска евалуација се спроведува врз основа на поднесено барање од установите од став (1) на овој член.
(3) Барањето од став (2) на овој член, се поднесува до Агенцијата, најмалку една година пред истекот на рокот на важност на дозволата за акредитација/реакредитација на студиската програма за која се бара редовна надворешна програмска евалуација.
(4) По спроведената постапка за редовна надворешна програмска евалуација согласно Правилникот за стандардите, методологијата и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација, стручната комисија изготвува извештај врз основа на кој Советот за квалитет донесува одлука, која доколку е позитивна е со важност од пет години, од денот на издавањето на дозволата од ставот (6) алинеја 1 на овој член.
(5) Стручната комисија ја утврдува исполнетоста на стандардите за квалитет и ги оценува со „исполнува“, „делумно исполнува“ или „не исполнува“ и врз основа на наодите дава општа оценка за квалитетот која се изразува како:
- „Позитивна оценка“ значи дека во установата исполнува над 70% од стандардите од кои не повеќе од 20% се оценети со „делумно исполнува“ и постојат гаранции за обезбедувањето и одржувањето на квалитетот.
- „Условно позитивна оценка“ значи дека во установата од 50% до 70% од стандардите се исполнети, од кои не повеќе од 40% се оценети со „делумно исполнува“ и нема сериозни и фундаментални недостатоци за обезбедување на квалитетот.
- „Негативна оценка“ значи дека во установата повеќе од 40% од стандардите се оценети со „не исполнува“, односно се покажани сериозни и фундаментални недостатоци за обезбедување на квалитетот.
(6) Со одлуката од ставот (4) на овој член, Советот за квалитет:

- дава реакредитација на студиската програма доколку оценката за квалитетот е позитивна при што ја продолжува важноста на акредитацијата, врз основа на што министерот најдоцна во рок од 30 дена од прием на одлуката ја продолжува дозволата за изведување на студиската програма за пет години или
- утврдува дополнителен рок при условно позитивна оценка, кој не може да биде подолг од 60 дена од денот на приемот на одлуката, во кој рок вреднуваниот субјект е должен да ги отстрани недостатоците, врз основа на што директорот на Агенцијата издава решение за дополнително следење во кое може да вклучи и забрана за упис на студенти на студиската програма во определен период,
- го одбива барањето за реакредитација на студиската програма доколку оценката на квалитетот е негативна, заради недостатоци и околности кои значат неисполнетост на условите и критериумите за изведување на студиските програми, врз основа на што министерот во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката, ја одзема дозволата за изведување на студиската програма.
(7) Трошоците за постапката за редовна надворешна програмска евалуација се покриваат од подносителот на барањето.

Вонредна надворешна институционална евалуација
Член 29

(1)Вонредна надворешна институционална евалуација Советот за квалитет поведува и пред истекот на пет години од денот на добивањето, односно продолжувањето на дозволата од членот 25 став (3) точка 1 од овој закон, во еден од следните случаи:
- на барање на министерот;
- на барање на Националниот совет или
- по сопствена иницијатива.
(2) Советот за квалитет поведува вонредна надворешна институционална евалуција на најмалку три вреднувани субјекти на годишно ниво.
(3) При поведување на постапка за вонредна надворешна институционална евалуација, Советот за квалитет може да земе предвид и претставки од трети лица кои укажуваат на потребата од заштита на јавниот интерес..
(4) Во постапката за вонредна надворешна институционална евалуација согласно Правилникот за стандардите, методологијата и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација за вршење високообразовна дејност и студиски програми, стручната комисија изготвува извештај за извршената вонредна надворешна институционална евалуација, врз основа на кој Советот за квалитет донесува одлука.
(5) Стручната комисија ја утврдува исполнетоста на стандардите за квалитет и ги оценува со „исполнува", „делумно исполнува" или „не исполнува" и врз основа на наодите, дава општа оценка за квалитетот која се изразува како:
- „Позитивна оценка" значи дека во установата исполнува над 70% од стандардите од кои не повеќе од 20% се оценети со „делумно исполнува" и постојат гаранции за обезбедувањето и одржувањето на квалитетот.
-„Условно позитивна оценка" значи дека во установата 50% до 70% од стандардите, од кои не повеќе од 40% се оценети со „делумно исполнува" и нема сериозни и фундаментални недостатоци за обезбедување на квалитетот.
-„Негативна оценка" значи дека во установата повеќе од 40% од стандардите се оценети со „не исполнува", односно се покажани сериозни и фундаментални недостатоци за обезбедување на квалитетот.
(6) Со одлуката од ставот (4) на овој член, Советот за квалитет:
-, доколку оценката за квалитетот е позитивна, ја потврдува важечката институционална акредитација, за што го известува министерот, најдоцна во рок од осум дена од денот на донесувањето на одлуката или

- доколку оценката на квалитетот е негативна, ја укинува важечката одлука за институционалната акредитација на вреднуваниот субјект, врз основа на што министерот најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката ја одзема дозволата за вршење на високообразовна дејност или
- при условно позитивна оценка утврдува дополнителен рок, кој не може да биде подолг од 45 дена од денот на приемот на одлуката, во кој вреднуваниот субјект е должен да ги отстрани недостатоците, за што директорот издава решение за дополнително следење во кое може да вклучи и забрана за упис на студенти на студиската програма во определен период.
(7) Трошоците за постапката за вонредна надворешна институционална евалуација се покриваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Вонредна надворешна програмска евалуација
Член 30

(1) Со вонредната надворешна програмска евалуација се оценуваат една или повеќе студиски програми на вреднуваните субјекти.
(2) Советот за квалитет поведува вонредна надворешна програмска евалуација:
- врз основа на барање на министерот или
- по сопствена иницијатива.
(3) Советот за квалитет задолжително спроведува вонредна надворешна програмска евалуција по сопствена иницијатива на најмалку пет студиски програми на годишно ниво.
(4) При поведување на постапка за вонредна надворешна програмска евалуација, Советот за квалитет може да земе предвид претставки од трети лица кои укажуваат на потребата од заштита на јавниот интерес..
(5) Во постапката за вонредна надворешна програмска евалуација согласно Правилникот за стандардите и методологијата и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација и стручната комисија изготвува извештај за вонредната надворешна програмска евалуација врз основа на кој Советот за квалитет донесува одлука.
(6) Стручната комисија ја утврдува исполнетоста на стандардите за квалитет и ги оценува со „исполнува", „делумно исполнува" или „не исполнува" и врз основа на наодите, дава општа оценка за квалитетот која се изразува како:
- „Позитивна оценка" значи дека во установата исполнува над 70% од стандардите од кои не повеќе од 20% се оценети со „делумно исполнува" и постојат гаранции за обезбедувањето и одржувањето на квалитетот.
- „Условно позитивна оценка" значи дека во установата од 50% до 70% од стандардите се исполнети, од кои не повеќе од 40% се оценети со „делумно исполнува" и нема сериозни и фундаментални недостатоци за обезбедување на квалитетот.
- „Негативна оценка" значи дека повеќе во установата од 40% од стандардите се оценети со „не исполнува", односно се покажани сериозни и фундаментални недостатоци за обезбедување на квалитетот.
(7) Со одлуката од ставот (5) на овој член, Советот за квалитет:
- доколку оценката за квалитетот е позитивна, ја потврдува важечката програмска акредитација, за што го известува министерот, најдоцна во рок од осум дена од денот на донесувањето на одлуката
- доколку оценката на квалитетот е негативна, ја укинува важечката одлука за акредитација на студиската програма, врз основа на што министерот најдоцна во рок од осум дена од денот на прием на одлуката ја одзема дозволата за изведување на студиската програма или
- утврдува дополнителен рок при условно позитивна оценка, кој не може да биде подолг од 30 дена од денот на приемот на одлуката, во кој рок вреднуваниот субјект е должен да ги отстрани недостатоците, за што директорот издава решение за дополнително следење

во кое може да вклучи и забрана за упис на студенти на студиската програма во определен период.
(8) Трошоците за постапката за вонредна надворешна програмска евалуација се покриваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Дополнително следење на квалитет
Член 31
(1) Врз основа на извештајот од член 22 од овој закон од стручната комисија и одлуката од член 26 став (6) алинеја 3, член 27 став (5) алинеја 3, член 28 став (6) алинеја 3, член 29 став (6) алинеја 3 и член 30 став (7) алинеја 3 од овој закон, за имплементација на препораките од извештајот, вреднуваниот субјект изготвува акциски план за отстранување на недостатоците наведени во извештајот, во утврдениот рок со одлуката и решението.
(2) Агенцијата го следи исполнувањето на акцискиот план од став (1) на овој член, согласно Правилник за дополнително следење на квалитет, за што доставува извештај до Советот за квалитет во рок од 10 дена од денот на истекот на рокот утврден во одуката на Советот за квалитет.
(3) Советот за квалитет во рок од 30 дена од денот на добивањето на извештајот од ставот (2) на овој член, донесува позитивна или негативна одлука за отпочнатата постапка за акредитација односно евалуација.

Одземање на дозволата за вршење на високообразовна дејност
Член 32
(1) Кога по редовна или вонредна надворешна институционална евалуација министерот донел решение за одземање на дозволата за вршење на високообразовна дејност, високообразовната установа се брише од Регистарот на високообразовни установи.
(2) Против решението за одземање на дозволата за вршење на високообразовна дејноста, може да се поднесе тужба до Управниот суд.
(3) Тужбата од ставот (2) на овој член, не го одлага извршувањето на решението од ставот (1) на овој член.

Акредитација на ментори за трет циклус студии
Член 33
(1)Во постапката за акредитација на ментори Советот за квалитет донесува одлука за акредитација на ментори за трет циклус студии.
(2)Ментор за трет циклус студии може да биде редовен или вонреден професор кој објавил најмалку четири трудови со фактор на влијание во списание од Веб оф Сајанс (Web of Science), во последните пет години.
(3)Условите од ставот (2) на овој член, што се однесуваат на објавени трудови при акредитација на ментори од општествените и хуманистичките науки се сметаат за исполнети со објавување на најмалку четири трудови во базата на Скопус (Scopus), во последните пет години.
(4)Условите од ставот (2) на овој член, што се однесуваат на објавени трудови при акредитација на ментори од уметничките области за теоретски предмети се сметаат за исполнети со објавување на најмалку пет трудови во списание со меѓународен уредувачки одбор, во последните пет години.
(5)Ментор за трет циклус студии по стручно-уметничките предмети може да биде редовен или вонреден професор кој во текот на кариерата има авторство, или јавна изведба/интерпретација/прикажување во најмалку седум уметнички дела презентирани или позитивно рецензирани во земјата или во странство.

(6)Начинот на поднесувањето на барањето, проверката на исполнетоста на општите и посебните услови за ментори за трет циклус студии, ги утврдува директорот на Агенцијата.
(7)Одлуката за акредитација на менторите од ставот (1) на овој член, е со важност од пет години.
(8)Една година пред истекот на важноста на одлуката од ставот (7) на овој член, се доставува барање за реакредитација на ментор за трет циклус на студии.
(9)Доколку Советот за квалитет има позитивна евалуација дека се исполнети соодветните услови од ставовите (2), (3) (4) и (5) на овој член, донесува одлука за реакредитација на ментор за трет циклус на студии со важност од пет години.
(10) Општите услови за ментори од ставовите (2), (3), (4) и (5) од овој член, се минимални услови, а високообразовната установа може да утврди посебни услови за избор во ментор за трет циклус на студии.

Евалуација на субјектите за вршење на научноистражувачка дејност

Член 34

(1)Евалуација на субјектите за вршење на научноистражувачка дејност се врши на секои пет години, согласно Правилникот од член 15 став (1) алинеја 4 од овој закон, врз основа на спроведена самоевалуација од член 41 на овој закон и врз основа на посета на стручната комисија.
(2)За вреднуваните субјекти на научноистражувачка дејност кои вршат и високообразовна дејност, евалуацијата на научноистражувачката дејност се врши истовремено со институционалната евалуација согласно Правилникот од член 15 став (1) алинеја 3 од овој закон.
(3)Вреднуваните субјекти се должни да обезбедат податоци и информации за евалуацијата.

Член 35

(1) Субјектите на научноистражувачка дејност спроведуваат самоевалуација за квалитетот на научно-истражувачка дејност на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност, односно подготвуваат извештај за самоевалуација, кој се усвојува од органите на субјектите кои вршат научноистражувачка дејност.
(2) Извештајот за самоевалуацијата на субјектите на научно-истражувачка дејност ги содржи следниве компоненти: мисија, визија (политика и стратешки план), организација и лидерство, човечки ресурси, инфраструктура, односи со јавноста, реализирани и планирани проекти, начин на финансирање, склучени договори за соработка во земјата и странство и слично.
(3) Начинот за вршење на самоевалуација го утврдува субјектот кој врши научноистражувачка дејност, согласно Правилникот од член 15 став (1) алинеја 4 од овој закон.

Член 36

(1) Стручната комисија од член 34 став (1) од овој закон, врши и интервју со органите на управување, интервју со вработените истражувачи во субјектот кој врши научноистражувачка дејност, како и докторанди, доколку субјектот изведува и докторски студии.
(2) Стручната комисија од ставот (1) на овој член, подготвува извештај во кој ја оценува вкупната научноистражувачка дејност на субјектот со една од следниве оценки: Одлично ниво на истражување - 5 (значително ги надминува критериумите), Многу добро ниво на истражување - 4 (во целост ги исполнува критериумите), Добро ниво на истражување - 3 (ги исполнува поголемиот дел од критериумите), Задоволително ниво на истражување - 2

(ги исполнува минималните критериуми) или Незадоволително ниво на истражување - 1 (не ги исполнува критериумите).
(3) Извештајот од став (2) на овој член, содржи и препораки за подобрување на квалитетот на научно - истражувачката дејност.
(4) Во случаите кога во извештајот е констатирано „одлично“, „многу добро“, „добро ниво“ на истражување, Советот за квалитет во рок од 30 дена од денот на добивањето на извештајот, донесува одлука за позитивна евалуација на субјектите за вршење на научно-истражувачката дејност, врз основа на што министерот најдоцна во рок од осум дена од од денот на приемот на одлуката, дава дозвола за вршење на научно - истражувачка дејност.
(5) Во случаите кога во извештајот е констатирано „задоволително ниво“ на истражување, на вреднуваниот субјект му се определува рок од една година од денот на приемот на извештајот од став (2) на овој член, да ги подобри резултатите во научно - истражувачката дејност, по што повторно се спроведува евалуација.
(6) Во случаите кога во извештајот е констатирано „незадоволително ниво“ на истражување, Советот за квалитет донесува одлука за негативна евалуација на вреднуваниот субјект, која во рок од седум дена од денот на издавањето на одлуката ја доставува до министерот.
(7) Министерот во рок од седум дена од денот на приемот на одлуката од ставот (6) на овој член, ја одзема дозволата за вршење на научно - истражувачка дејност и вреднуваниот субјект се брише од Регистарот на субјектите за вршење на научноистражувачката дејност кој се води согласно Законот за научно - истражувачка дејност, за што го известува основачот и Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од седум дена од денот на бришењето од Регистарот на субјектите за вршење на научноистражувачката дејност.
(8) Против решение на министерот од ставот (7) на овој член, може да се поднесе тужба до Управниот суд.
(9) Тужбата од ставот (8) на овој член, не го одложува извршувањето на решението од став (7) на овој член.

Евалуација на Научен центар за извонредност

Член 37

(1)Научниот центар на извонредност е субјект на надворешна евалуација и континуирано следење со цел да се обезбедат врвни истражувачки резулати и ефикасно користење на ресурсите.
(2)Покрај постапките за евалуација утврдени со овој закон, за научните центри за извонредност се спроведува и посебна евалуација на секои пет години.
(3)Начинот и посебните критериуми за вршење напосебната евалуација од ставот (2) на овој член на научните центри на извонредност, ги утврдува министерот, врз основа на европски и меѓународни стандарди за научни центри за извонредност.
(4)Извештајот за евалуација на научниот центар на извонредност ги содржи следниве компоненти:
- исполнетост на целите поради кои е основан и
- ефективност, одржливост, ефикасност и релевантност на активностите со целите зацртани во програмските и стратешките документи од областа на науката.
(5) Стручната комисија од членот 21 став (5) од овој закон, по извршената посебна евалуација на научниот центар изготвува извештај, кој се доставува до министерот, во кој наведува дали научниот центар ги задоволува или не ги задоволува критериумите за научен центар за извонредност.
(6) Во случаите кога во извештајот е констатирано незадоволително ниво на истражување, министерот во рок од седум дена од денот на приемот на извештајот од

ставот (5) на овој член, и предлага на Владата на Република Северна Македонија да го одземе статусот на научен центар за извонредност.

Периодична надворешна евалуација на внатрешниот систем за обезбедување на квалитет

Член 38

(1) Вреднуваните субјекти подлежат на периодична надворешна евалуација на внатрешниот систем за обезбедување на квалитет, на секои пет години согласно годишен план на Советот за квалитет.
(2) По спроведената постапка за периодична надворешна евалуација на внатрешниот систем на обезбедување на квалитет, Советот за квалитет објавува извештај на интернет страницата на Агенцијата, со оценка за квалитетот.
(3) Доколку во постапката за периодична надворешна евалуација од став (2) на овој член, се утврди дека внатрешниот систем за обезбедување на квалитет е успешен и делотворен, Советот за квалитет издава потврда со позитивна оценка на развојот и успехот на внатрешниот систем на обезбедување на квалитет на вреднуваниот субјект.
(4) Доколку во постапката за периодична надворешна евалуација од став (2) на овој член, се утврди дека постојат недостатоци во внатрешниот систем за обезбедување на квалитет, Советот за квалитет не издава потврда и може да поведе постапка за вонредна институционална евалуација.

Тематска анализа и тематска евалуација

Член 39

(1) Тематската анализа на вреднуваниот субјект ја спроведува Агенцијата.
(2) Агенцијата спроведува тематска анализа на вреднуваниот субјект по службена должност, врз основа на одлука на Советот за квалитет или врз основа на образложен предлог од управниот одбор или министерот.
(3) Постапката за тематска анализа ја започнува и спроведува Агенцијата, која може да трае најмногу една година од датумот на започнување на постапката. Постапката за тематска анализа на вреднуваниот субјект, се спроведува во согласност со овој закон.
(4) Тематската евалуација на вреднуваниот субјект, ја спроведува стручна комисија, за што ги известува вреднуваните субјекти најдоцна 30 дена пред посетата на стручната комисија.
(5) Советот за квалитет, врз основа на извештајот на стручната комисија, издава образложено мислење кое содржи оценка за квалитетот на тематската евалуација за секој поединечно оценет субјект на евалуација.
(6) Агенцијата доставува образложено мислење до оценуваниот субјект. Врз основа на образложеното мислење, а по утврдени сериозни и фундаментални недостатоци во обедувањето на квалитетот, Агенцијата може да започне постапката за тематска евалуација.
(7) Начинот на спроведувањето на тематската анализа и тематска евалуација го утврдува директорот на Агенцијата со акт кој се објавува на интернет страницата на Агенцијата.

Систем за управување со квалитет

Член 40

(1) Агенцијата воспоставува Систем за управување со квалитет со кој се дефинира, обезбедува и подобрувaквалитетот и интегритетот при извршување на нејзините надлежности, утврдени со закон и Стандардите и насоките за обезбедување квалитет во европскиот простор на високото образование .

(2) Агенцијата најмалку еднаш на три години, на својата интернет страница, објавува извештај од самоевалуација, кој ги опишува и анализира општите наоди и содржи план за подобрување.
(3) Заради сообразеност со стандардите и насоките за обезбедување на квалитет на Европскиот простор на високото образование најмалку еднаш на пет години се спроведува надворешна евалуација на Агенцијата, од страна на Европската асоцијација за обезбедување квалитет во високото образование или од страна на Европскиот регистар за обезбедување квалитет.
(4) Агенцијата и високообразовните и научните установи воспоставуваат, одржуваат и унапредуваат систем за управување со безбедност на информации, со цел обезбедување доверливост, интегритет, достапност и заштита на податоците и информациите со кои располагаат.

Комисија за самоевалуација на високообразовните и научните установи

Член 41

(1) Самоевалуација на универзитет, единица на универзитетот, научна установа односно на висока стручна школа, врши комисија за самоевалуација, согласно статут на универзитетот, научниот институт, високата стручна школа.
(2) Членовите на комисиите од ставот (1) на овој член, се избираат со тајно гласање од сенатот на универзитетот, односно од наставно-научниот совет, наставничкиот совет или научниот совет, од редот на наставниците, со мандат од четири години и од претставниците на студентите за време од две години.
(3)Самоевалуацијата се спроведува на секои три години.
(4)Составен дел на самоевалуацијата е анкета на студентите за квалитетот на високообразовната дејност, која се спроведува во втората половина од семестарот односно академска година, за секој предмет одделно, зависно дали се работи за едносеместрален или двосеместрален предмет.
(5) Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на интернет страницата на универзитетот и на интернет страницата одделно на факултетот, високата стручна школа или научен институт, односно на интернет страницата на високата стручна школа која не е во состав на универзитет, во рок од седум дена од усвојување на извештајот.
(6) Начинот за вршење на самоевалуација го уредува установата од ставот (1) на овој член, согласно правилникот од член 15 став (1) алинеите 3 и 4 од овој закон.

Објавување на резултатите од постапките

Член 42

(1)Агенцијата на својата интернет страница задолжително објавува и:
- список на акредитирани високообразовни установи, кој го обновува најмалку еднаш месечно,
- список на акредитирани студиски програми, кој го обновува најмалку еднаш месечно,
- извештаи и одлуки од спроведени постапки за обезбедување на квалитет,
- база на странски експерти кои учествуваат во постапките за обезбедување на квалитет,
- база на домашни експерти кои учествуваат во постапките за обезбедување на квалитет,
- база на студенти кои учествуваат во постапките за обезбедување на квалитет,
- прописите поврзани со делокругот на работа и
- други важни информации за јавноста.

(2)Личните податоци и оние делови од извештајот, кои ги откриваат изворите на финансирање, како и деловните и оперативните тајни не се предмет на објавување.

## IV.НАДЗОР

### Член 43

(1) Надзор над законитоста на работата на Агенцијата спроведува Министерството.
(2) Министерството врши надзор во врска со примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.
(3) Ако Министерството утврди дека правилник, одлука, решение или друг акт на органите на Агенцијата е спротивен на одредбите на закон, министерот донесува решение за поништување на актот.

### Инспекциски надзор

### Член 44

(1) Инспекциски надзор согласно овој закон врши Државниот просветен инспекторат.
(2) Државниот просветен инспекторат врши надзор над законитоста на постапките, обврските на органите и телата на Агенцијата и почитувањето на роковите, утврдени со овој закон.

## V. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Глоба за прекршоци

### Член 45

(1) Глоба во износ од 1000 до 1500 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на Агенцијата како правно лице ако:
- не го објави на својата интернет страница извештајот во рокот од член 15 став (5) од овој закон и
- не го следи исполнувањето на акцискиот план од член 31 став (2) од овој закон,

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на Агенцијата ако:
- не го објави извештајот од членот 17 став (1) точка 9 од овој закон,
- не изготви и достави годишен извештај согласно член 17 став (1) точка 2 од овој закон,
- не ги објави одлуките на Советот за квалитет од членот 17 став (1) точка 9 од овој закон,
- не ги објави извештаите од надворешна евалуација од членот 17 став (1) точка 9 од овој закон,
- не го извести вреднуваниот субјект во рокот утврден во член 21 став (8) од овој закон,
- не организира следење на исполнувањето на акцискиот план од член 31 став (2) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на претседателот на Советот за квалитет ако:
- не достави извештај согласно член 15 став (4) од овој закон,
- формира стручни комисии спротивно на член 21 ставови (2), (3), (4), (5) и (6) од овој закон,
- не донесе одлука во врска со институционална акредитација во рокот од член 25 став (3) од овој закон.

(4) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на претседателот на управниот одбор ако:
- не назначи вршител на должност директор во рокот утврден во член 16 став (7) од овој закон,
- назначи вршител на должност директор кој не ги исполнува условите од член 16 ставови (3) и (8) од овој закон.

(5) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на претседателот на стручната комисија ако:

- не оствари посета на вреднуваниот субјект согласно член 22 став (1) од овој закон
- не го достави извештајот до Советот за квалитет и вреднуваниот субјект во рокот од член 22 став (1) од овој закон,
- не го подготви и достави вториот извештај до Советот за квалитет согласно член 23 став (4) од овој закон.

(6) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на претседателот на комисијата за приговори ако:
- не го разгледа приговорот и не донесе одлука согласно член 23 став (2) од овој закон,
- не ја достави одлуката за прифатениот приговор до стручната комисија во рокот од член 23 став (3) од овој закон,
- не го достави извештајот и одлуката за одбиениот приговор до Советот за квалитет согласно член 23 став (6) од овој закон.

(7) Глоба во износ од 7000 до 10000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на високообразовна или научна установа ако:
- изведува претходно акредитирана студиска програма со изменета содржина повеќе од 30% од содржината, а нема поднесено барање за акредитација согласно член 26 став (1) алинеја 2 од овој закон,
- не изготви акциски план согласно член 31 став (1) од овој закон,
- не ги објави резултатите од самоевалуацијата согласно член 41 став (6) од овој закон.

Прекршочна постапка

Член 46

(1) За прекршоците утврдени во член 45 од овој закон, државниот просветен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците.

(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.

(3) Во записникот од став (2) на овој член, се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог ги потпишува одговорното лице во правното лице или од него овластено лице.

(5) Државниот просветен инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член, се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член, се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата, согласно прописите од областа на заштита на личните податоци.

(8) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот.

Член 47

(1) За прекршоците утврдени во членот 45 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

(2) Сторителот на прекршокот е должен да ги отстрани неправилностите и последиците од сторениот прекршок.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 48

(1) Со денот на влегување во сила на овој закон, Агенцијата за квалитет во високото образование продолжува да работи како Агенција за квалитет во високото образование и науката и ги превзема сите права и обврски на Агенцијата за квалитет во високото образование, целокупниот движен и недвижен имот, опремата, книговодствената евиденција, документацијата, архивата и средствата за работа кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, ги стекнала и/или користела Агенцијата за квалитет во високото образование.

(2) Со денот на влегување во сила на овој закон вработените во Агенцијата за квалитет во високото образование продолжуваат да работат во Агенција за квалитет во високото образование и науката.

(3) Со денот на одржување на конститутивната седница од ставот (6) на овој член, престанува мандатот на членовите на Одборот за акредитација и Одборот за евалуација на Агенцијата за квалитет во високото образование.

(4) Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование продолжува да ја врши функцијата како директор на Агенцијата за квалитет во високото образование и науката, до истекот на времето за кое бил избран.

(5) Изборот односно именувањето на членовите на Советот за квалитет се врши најдоцна еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(6) Конститутивната седница на Советот за квалитет ја свикува министерот, во рок од 15 дена од денот на изборот, односно именувањето на неговите членови согласно одредбите од овој закон.

(7) Изборот, односно именувањето на членовите на управниот одбор се врши најдоцна еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 49

Статутот на Агенцијата ќе се донесе во рок од два месеци од денот на формирањето на органите на Агенцијата.

Член 50

Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 51

Високообразовните и научните установи кои добиле решение за почеток со работа до денот на влегување во сила на овој закон, не подлежат на постапка за иницијална институционална акредитација.

Член 52

(1) Постапките за акредитација, самоевалуација и надворешна евалуација, како и другите постапки започнати пред Агенцијата за квалитет во високото образование, до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Акредитациите на студиските програми издадени до денот на влегувањето во сила на овој закон, важат за периодот за кој се издадени, односно до донесување конечна одлука во постапка за програмска евалуација, по поднесено барање согласно овој закон.

(3) По исклучок на ставот (2) на овој член, акредитациите на студиските програми издадени до денот на влегувањето во сила на овој закон, чија важност истекува во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да важат уште една година од денот на истекот на важноста на акредитацијата на студиската програма.

Член 53

Решенијата за акредитација на ментори на трет циклус студии стекнати пред влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да важат неограничено.

Член 54

Стандардот за квалификации од член 20 став (5) од овој закон, ќе се донесе и ќе се применува во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон

Член 55

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Содржината на одредбите во Закон за обезбедување на квалитет во високото образование и науката е систематизирана во шест глави (со вкупно 55 члена) и тоа поставени по следниот редослед:

I. Основни одредби
II. Агенција за квалитет во високото образование и науката
III. Посебни постапки за обезбедување квалитет
IV. Надзор
V. Прекршочни одредби
VI. Преодни и завршни одредби

Со првата глава се уредуваат предметот на уредувањето, поимникот и системот за обезбедување квалитет во високото образование и науката.

Втората глава е посветана на Агенцијата за квалитет во високото образование и науката и со неа се уредуваат нејзинте статус и дејнос, средсвата за работа, органите и нивните состав и надлежности како и стручните комисии и стручната служба.

Третата глава ги опишува и уредува посебните постапки за обезбедување квалитет кои се однесуваат на надворешниот и внатрешниот систем за обезбедување на квалитет во кои се опфатени: иницијална институционална акредитација, иницијална програмска акредитација, редовна надворешна институционална евалуација, редовна надворешна програмска евалуација, вонредна надворешна институционална евалуација, вонредна надворешна програмска евалуација и периодична надворешна евалуација на внатрешниот систем за обезбедување квалитет.

Надзорот над спроведувањето на овој закон се уредува во четвртата глава.

Прекршочните одредби и преодните и завршните одредби се уредуваат со петтата и шестата глава соодветно.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани и истите прават една правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Внатрешното и надворешното обезбедување на квалитет се суштински составни делови на осигурувањето квалитетно образование во високообразовните установи. Со спроведувањето на силни внатрешни процеси за обезбедување квалитет, установите можат проактивно да го следат и подобруваат квалитетот на образованието што го изведуваат. Надворешното обезбедување на квалитет, преку процесите на акредитација и евалуација, го потврдува и препознава квалитетот на образовните установи, зголемувајќи ја нивната веродостојност и поттикнувајќи постојано подобрување. Заедно, овие мерки за обезбедување квалитет придонесуваат за севкупниот успех и углед на високообразовните установи и на студентите на кои им служат.